**20180170237**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08,82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.1.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2018 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година- потпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, наменети за поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година.

II

Средствата од дел I на оваа програма во вкупен износ од 50.000.000, 00 денари ќе се користат за следните мерки:

- надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2018 година и тоа во износ од 6.000.000 денари и
- за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 50 %, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2018 година во износ од 30.000.000 денари.
- за надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети до 50 %, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2018 година во износ од 14.000.000 денари.

Средствата од Буџетот наменети за програмата, ги распоредува Министерството за економија.

III

1. Надоместокот на дел од средствата за купени и вградени сончеви термални колекторски системи од дел II точка 1 од оваа програма ќе го остварат лицата кои:

а) го немаат искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на сончеви термални колекторски системи во својот дом врз основа на претходните јавни огласи на Министерството за економија за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи објавени во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година и

б) имаат купено и вградено во своите домови колекторски систем по денот на објавувањето на Јавниот оглас од точка 2 од овој дел до завршување на Јавниот оглас, што се докажува со следната документација:

- пополнет образец за барање (кој во себе содржи изјава дека барателот го нема искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на сончев термален колекторски систем врз основа на претходните Јавни огласи на Министерството за економија во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014 , 2015, 2016 и 2017

година ). Образецот на барањето може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk,

- доказ во оригинал дека е извршено купувањето на сончев термален колекторски систем, и тоа:

- фискална сметка, или

- фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на огласот.

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоци за вградувањето на соларниот колектор (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на овој оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен“.

2. Постапката за реализација на мерката од дел II точка 1 од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

а) Министерството за економија во месец март 2018 година ќе распише јавен оглас во два дневни весници и истиот ќе биде отворен до 31 август 2018 година.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерката од дел II точка 1 од оваа програма министерот за економија ќе формира Комисија од три члена и нивни заменици.

в) Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 1 од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација неможе да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 1 од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија за оваа намена.

Листата на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

IV

1. Надоместокот на дел од средствата за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци од дел II точка 2 од оваа програма ќе го остварат лицата кои:

а) го немаат искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на ПВЦ или алуминиумски прозорци во својот дом врз основа на претходниот јавен оглас на Министерството за економија објавен во 2017 година и

б) имаат купено и вградено во своите домови ПВЦ или алуминиумски прозорци по денот на објавувањето на Јавниот оглас до завршување на Јавниот оглас, што се докажува со следната документација:

- пополнет образец за барање (кој во себе содржи изјава дека барателот го нема искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на ПВЦ или алуминиумски прозорци врз основа на претходниот јавен оглас на Министерството за економија објавен во 2017 година. Образецот на барањето може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk,

- доказ во оригинал дека е извршено купувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци, и тоа:

- фискална сметка, или
- фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на огласот

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоци за вградувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на овој оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен“.

2. Постапката за реализација на мерката од дел II точка 2 од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

а) Министерството за економија во месец март 2018 година ќе распише јавен оглас во два дневни весници и истиот ќе биде отворен до 31 август 2018 година.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерката од дел II точка 2 од оваа програма министерот за економија ќе формира Комисија од пет члена и нивни заменици.

в) Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 2 од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација неможе да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 2 од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија за оваа намена.

Листата на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

V

1. Надоместокот на дел од средствата за купување печки на пелети од дел II точка 3 од оваа програма ќе го остварат лицата кои:

а) досега не користеле средства од Буџетот на Република Македонија за купување печки на пелети во својот дом и

б) имаат купено во своите домови печки на пелети по денот на објавувањето на Јавниот оглас до завршување на Јавниот оглас, што се докажува со следната документација:

- пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk.
- доказ во оригинал дека е извршено купувањето на печки на пелети, и тоа:
- фискална сметка, или
- фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на огласот
- изјава заверена на нотар дека барателот досега нема искористено средства од Буџетот на Република Македонија за купување на печки на пелети (образецот на изјавата ќе може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен“.

2. Постапката за реализација на мерката од дел II точка 3 од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

а) Министерството за економија во месец јануари 2018 година ќе распише јавен оглас во два дневни весници и истиот ќе биде отворен до 31 август 2018 година.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерката од дел II точка 3 од оваа програма министерот за економија ќе формира Комисија од три члена и нивни заменици.

в) Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 3 од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација неможе да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II точка 3 од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија за оваа намена.

Листата на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-8560/1-17 | Претседател на Владата |
| 23 јануари 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |